Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесените барања по е-пошта од 06.02.2024 година од Јованчо Јовановски од Битола, ул. „Лавчански пат" бр. 23-а, Битола, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-1308/1
08.02.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПРИФАЌАТ** барањата од Јованчо Јовановски од Битола за пристап до информации од јавен карактер.
Му се овозможува на барателот Јованчо Јовановски од Битола да се запознае со содржината на бараната информација со препис во истата.

## Образложение

Барателот на информацијата - Јованчо Јовановски од Битола на ден 06.02.2024 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барања за достава на сите Колективни договори за измени и дополнувања на Колективниот Договор на МЕПСО во период од 2018 година до 2024 година, како и сите пречистени текстови на Колективниот договор на АД МЕПСО во период 2018-2024 година.

Информацијата ја бараат во форма на електронски запис по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањата одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Колективен договор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, арх. бр. 02-9621 од 25.12.2018 година Колективен договор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје, арх. бр. 01-2505 од 20.04.2023 г.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Zuhdi Enuz**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но: Барател
Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива